22248

СРЕДБИ НА ИЗЛОЖБА

# КЕРАМИКАТА ИМА И СВОЈА УМЕТНИЧКА ВРЕДНОСТ

## РАЗГОВОР СО МЛАДИОТ ЛИКОВЕН УМЕТНИК — КЕРАМИЧАР ВЛАДИМИР АВРАМЧЕВ

Со над триесетина експонати во Центарот за култура и информации, на скопската ликовна публика ѝ се претставува **Владимир Аврамчев** академски сликар — керамичар од Скопје. Аврамчев, како што пишува во каталогот за оваа изложба, сè повеќе се интересира за бесконечноста на линијата, што на своите керамики ја пренесува во најразлични нијанси, поради што тие оставаат впечаток на графички остварувања.

Отворањето на првата самостојна изложба на Аврамчев беше и повод да поведеме разговор со него. **Не интересираше кој е непосредниот повод да се определи за керамиката како ликовна дисциплина.**

○ Керамиката уште во прастаро време служела како наменска, употребна. Тој процес и однос на народот кон керамиката трае до денешниве дни. Нашето поднебје е богато со керамика. Гледајќи ја таа народна керамика која возбудува, а уште повеќе кога помислам дека таа е создадена од земја, вода и оган, кај мене се раѓа нешто диво, неуништиво кое ме тера да се зафатам со обликување на глината во најразлични форми. Па и самата глина со своите безгранични можности за обликување што ги пружа и предизвикува.

**— Каква порака носат вашите дела?**

● Јас работам во еден сосема модерен дух, затоа може слободно да се рече дека е блиску до графиката и сликарството. Пораката на моето творештво е насочена кон раскрстување со досегашниот начин на гледање на керамиката, на ликовното изразување во керамиката и на негување нов ликовен израз и однос кон неа.

**— Какви се вашите идни планови?**

● По завршувањето на оваа прва моја самостојна изложба се надевам дека контактите со љубителите на керамичката уметност ќе станат почести. Во март идната година ДЛУПУМ го слави својот 25-годишен јубилеј. По тој повод ќе се организира голема изложба на експонати од керамичката ликовна уметност. Како негов член уште од сега ќе почнам да се подготвувам за мое што поквалитетно застапување — ни рече на крајот младиот ликовен уметник-керамичар Владимир Аврамчев.

**В. Механџиски**

Н. М. 31. V. 75